# ЗНМ и меѓународни новинарски организации во скенирање на медиумската состојба во Македонија

07/06/2023 - 14:02 161

Од: **А1он**

SHARE

Изминатите неколку дена на покана на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) претставници на пет меѓународни новинарски и медиумски здруженија одржаа работни состаноци со клучни институции во Македонија. Средби беа остварени со претседателот Стево Пендаровски, премиерот Димитар Ковачевски, претседателот на Собрание Талат Џафери, со директорите на АВМУ и МРТ, со министерот за информатичко општество и администрација Азир Алиу, со амбасадата на ЕУ и САД во Македонија и со група на новинари.

Добивај вести на вибер

По тој повод, како завршна активност денеска беше одржана прес конференција на која се обрати

Чадиковски изрази задоволство дека со поддршка на странските партнери се отвора дебата со Владата за формирање на фонд за плурализам за сите медиуми како и согласност за подобрување на транспарентноста на владините институции преку обележување на соопштенијата, видеата и фотографиите со водени жигови. Само вака јавноста ќе прави разлика помеѓу новинарски производи и владина комуникација. Освен ова, интензивирани се напорите за реформите во јавниот сервис како и во медиумскиот регулатор, но и за подобрување на статусот на локалните дописници.

Алабана Шала од „Free Press Unlimited“ во нејзиното кусо излагање се задржа на позитивните законски промени во медиумскиот сектор укажа на проблемот со неказнивост кога станува збор на нападите кон медиумските работници, но и на проблемот со можната промена во законот кој се однесува на делот за државно рекламирање.

„Од Премиерот и од министерот на МИОА беше кажано дека Владата размислува повторно да воведе државно рекламирање преку плаќање на

за државна помош, потоа е дискриминаторски за малите медиуми, државното рекламирање преку платени политички кампањи го зголемува ризикот од политичко мешање во медиумите и насочувањето на јавните средства на овој начин не би ја подобрило медиумската содржина"– рече Шала.

Рикардо Гутиерез, директорот на најголемата новинарска организација во Европа (ЕФЈ), ја истакна загриженоста за состојбата на новинарството во Македонија како и потребата од формирање на фонд за медиумски продукти како начин да се подобри медиумската содржина и да се промовира јавниот интерес.

„Сметаме дека новинарството Северна Македонија е во опасност: поларизација, недостаток на плурализам, мешање во уредништвото, лоши услови за работа, неодржливи медиумски компании… Добра практика во земјите на ЕУ за стимулирање на квалитетни вести и поразновидна содржина од јавен интерес е да се формираат јавни фондови за поддршка на медиумски плурализам (такви јавни фондови постојат во

вклучувајќи ги и локалните медиуми, треба да имаат шанса да имаат корист од ова јавно финансирање. Ова треба да ги подобри лошите работни стандарди со кои се соочуваат медиумските работници во земјата и да промовира квалитетни содржини, етичко новинарство и разновидност на уредувачката содржина. Јавниот фонд за медиумски плурализам не треба да биде креиран да ги зајакне медиумските тајкуни, туку да обезбеди независност и разновидност, и да му служи на јавниот интерес", -истакна Гутиерез.

Лоренс Хутинг од Европскиот центарот за медиумски слободи (ЕЦПМФ) за се задржа на инцидентите кога политичари на јавна сцена се обидуваат преку непримерен говор да ги дискредитираат новинарите.

„Со владините претставници разговаравме за итната потреба политичарите и носителите на јавни функции да се воздржат од изјави кои придонесуваат за непријателска клима за и кон новинарите. Позитивно е што нашите соговорници ја потврдија важноста од создавање погодна среди[illegible] за плуралистички, слободен печат кој

подобрувања. Генерално, ваквото однесување на политичарите ја поткопува довербата во медиумите и им укажува на другите дека новинарите се оправдана цел за вознемирување на социјалните медиуми, за стратешки тужби против учеството на јавноста или за уште полошо"– изјави Хутинг.

Работните средби беа реализирани во рамки на „Fact Finding" мисијата чија цел подобро разбирање на медиумската ситуација во земјата и безбедноста на новинарите. Во наредниот период ќе биде објавен и детален извештај со препораки за подобрување на состојбата со правата на медиумските работници и медиумите во Македонија.

## БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА

**ЗНМ: Владата не смее да крие од новинарите информации од јавен карактер**

**Новинарските и медиумските организации се против владини кампањи во медиумите**

**Снимателот на ТВ24 Иван Камчев физички нападнат на патот Градско-Прилеп кај Росоман**

Порталб.мк

медиумските работници изнесени во контактна емисија на ТВ24

демократско општество